ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 22 март 2018

# СООПШТЕНИЕ

## Остварена средба помеѓу ФЗОМ и претставници на ЗПГАМ

Во партнерска атмосфера низ конструктивна дискусија преку медицина базирана на докази на денешниот состанок помеѓу претставници на ФЗОМ и ЗПГАМ дојде до приближување на ставовите.

Се дефинираа чекори за реализирање на заеднички цели за зголемување на квалитетот на здравствените услуги а се во интерес на осигуреничките. Се постигна согласност за зголемување на вредноста на капитациониот бод на гинеколозите од 50 на 55 денари со имплементација во втората половина на годината.

Се заклучи дека ќе се најде модалитет за вреднување на услугите дадени на бремените осигурени жени што треба да биде имплементирано во наредниот договор помеѓу ФЗОМ и матичните гинеколози.

Главна цел на ова е унапредување на статусот на матичните гинеколози и неопходна итна потреба од нивно максимално ангажирање за намалување на смртноста на новороденчињата и родилките во Р.Македонија. Договорено е да се формира работна група од страна на ФЗОМ и претставници на матичните гинеколози која ќе работи на креирање на пакет на услуги во гинеколошка акушерската дејност на примарно ниво.

Формирањето на пакетот на услуги ќе произлезе од медицината базирана на докази а е во согласност со Упатството за антенатална заштита и другите клинички упатства во гинекологијата и акушерството.